Работата на граѓанските организации во руралните средини и соработката со локалната администрација **беше главната тема на средбата на граѓанските организации** за време на Мобилниот ресурсен центар кој се одржа во соработка со локалната администрација на општина Брвеница на 12 ноември 2018 година.




Учесниците **беа согласни дека во руралните средини поголем е предизвикот за покренување и реализација на граѓански иницијативи.** Тие ги истакнаа **своите приоритети како што се: покренувањето на граѓански иницијативи, потребата од знаења и вештини за подготвување пријави за проекти, користењето ИТ алатки, како и навременото информирање за тековните случувања, активностите и можностите за**

**финансирање на организациите**
.

**Општината досега соработувала со граѓански организации од регионот, а поддржала и младински локални иницијативи за подобрување на општата безбедност. Сепак, иако општината е отворена за соработка, недостасува проактивност кај граѓаните. За надминување на ова, потребна е едукација за тоа каде граѓаните можат да се вклучат во процесите на планирање и подготовка на локални планови, стратегии и политики.**

**Дел од учесниците посочија дека постојат иницијативи за чија реализација нема финансиска поддршка , а други потенцираа дека заради законските измени, месните заедници не се активни како во минатото и таа празнина се чувствува во комуникацијата на граѓаните со општината. Претставниците на локалната самоуправа објаснија дека поради отсуството на културни институции и спортски терени, општината има проблем да им излезе во пресрет на барањата на граѓаните за организаирање културни и спортски настани.**

Тимот на Граѓанскиот ресурсен центар имаше **средба со Енвер Пајазити, градоначалник на општина Брвеница**, кого го информираше за работата на ресурсниот центар во Гостивар и поддршката што тој ја обезбедува на локалните организации од регионот.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.